

## ЗГРАДАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО БРОЈКИ

- **Архитект:** лорд Ричард Роџерс
  Конзорциум на архитекти: Ричард Роџерс и Клод Бушер, Стразбур
- **Цена:** 455 милиони француски франци
- **Употреблива површина:** 28 000 квадратни метри, вклучувајќи:
  - 860 квадратни метри на судницата
  - 520 квадратни метри на малата судница
  - 4 500 квадратни метри на сали за состаноци
  - 16 500 квадратни метри на канцеларии
- **Број на сали за состаноци:** 18, вклучувајќи ги и:
  - судницата (243 седишта + 49 за судиите + 22 за жалителите)
  - малата судница (101 седиште + 25 за судиите + 12 за жалителите)
  - Салата во која Судот ги разгледува случаите (простор за седење: 47-52)
  - Сали за состаноци (просечно, 47 седишта околу работната маса и дополнителни 52 во задниот дел на салата)
- **Број на канцеларии:** Варијабилен (535 канцеларии)
- **Аудиовизуелна опрема:** Сала за прием на медиуми (204 седишта) Сала за семинари (104 седишта)
- **Вклучувајќи, исто така:**
  - 490 километри на електрични кабли
  - 5 500 сијалици
  - 10 километри на цевки
  - мрежа од 500 метри на транспортери на документи
  - 9 лифта / карго лифтови
  - 450 тони на метална конструкција
  - 1 450 тони на бетонско зацрвстување
  - 15 000 кубни метри на бетон
  - 2 800 метри на жардинери, фиксирани на фасадата
  - 4 топлински пумпи
  - 16 посебни комори за регулирање на температурата на воздухот
  - 50 фирми, со 125 подизведувачи
  - 1 500 работници на градилиштето на Судот
  - 800 000 часови градежна работа

## ДА НЕМА ЗАБУНИ

**Суд на правдата на Европската Унија**
Со седиште во Луксембург, овој суд обезбедува усогласеност со правото на ЕУ и одлучува во врска со толкувањето и примената на договорите за основање на Европската Унија.

**Меѓународен суд на правдата**
Судско тело на Обединетите нации, кое што е со седиште во Хаг.

**Универзална декларација за човекови права**
Текст усвоен во 1948 година од Обединетите нации со цел да се зајакне заштитата на човековите права на меѓународно ниво.

**Повелба за фундаменталните права**
Текст на Европската Унија во врска со човековите права и основните слободи, усвоен во 2000 година.



## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ


**European Court of Human Rights**
**Public Relations**
**67075 Strasbourg cedex**
**France**
**www.echr.coe.int**


MKD



# СУДОТ накратко

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE  CONSEIL DE L'EUROPE




# ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд, основан во 1959 година. Тој е надлежен да постапува по индивидуални или меѓудржавни жалби, во кои што има наводи за повреда на граѓанските и политичките права предвидени со Европската конвенција за човекови права.

Од 1998 година, Судот е постојан и поединци можат директно да поднесуваат жалби.

Во речиси педесет години, Судот има донесено повеќе од 10 000 пресуди. Неговите пресуди се задолжителни за засегнатите држави, на тој начин што во одредени ситуации, владите на истите треба да го изменат своето законодавство и административна практика во повеќе различни области. Практиката на Судот овозможува Конвенцијата да биде моќен жив инструмент за ефикасно соочување со нови предизвици и за зацврстување на владеењето на правото и демократијата во Европа.

Седиштето на Судот е во Стразбур, во зградата на човековите права, позната во целиот свет и дизајнирана во 1994 година од страна на британскиот архитект лорд Ричард Роџерс. Од тука, Судот го следи почитувањето на човековите права на 800 милиони Европјани во 47 држави членки на Советот на Европа, кои што ја ратификувале Конвенцијата.

# КЛУЧНИ ДАТУМИ

**5ти мај 1949 година**
Основање на Советот на Европа

**4ти ноември 1950 година**
Усвојување на Конвенцијата

**3ти септември 1953 година**
Влегување во сила на Конвенцијата

**21ви јануари 1959 година**
Избор на првите членови на Судот од страна на Советодавното собрание на Советот на Европа

**23-28 февруари 1959 година**
Првата сесија на Судот

**18ти септември 1959 година**
Судот ги усвојува правилата на Судот

**14ти ноември 1960 година**
Судот ја донесува својата прва пресуда: *Lawless против Ирска*

**1ви ноември 1998 година**
Влегување во сила на Протоколот број 11 при Конвенцијата, кој што го воведува „новиот Суд“

**18ти септември 2008 година**
Судот ја донесува својата 10 000та пресуда

**1ви јуни 2010**
Влегување во сила на Протоколот број 14, чија цел е да гарантира долгорочна ефикасност на Судот



# ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



Европската конвенција за човекови права е меѓународен договор врз основа на кој државите членки на Советот на Европа ветуваат дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права, не само на нивните државјани, туку исто така и на сите лица под нивна надлежност. Конвенцијата, која што беше потпишана на 4ти ноември 1950 година во Рим, влезе во сила во 1953 година.

# ГАРАНЦИИ И ЗАБРАНИ



**Конвенцијата особено обезбедува:**

- право на живот,
- право на правична судска постапка,
- право на почитување на приватниот и семејниот живот,
- слобода на изразување,
- слобода на мислење, совест и вера и
- заштита на сопственоста.

**Конвенцијата особено забранува:**

- мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување,
- ропство и принудна работа,
- смртна казна,
- арбитрерно и незаконито лишување од слобода и
- дискриминација во уживањето на правата и слободите признаени со Конвенцијата.